ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 6 ЈУЛИ — АВГУСТ 2020

**ТОП ВЕСТИ:**

- **Избрани најубавите дворови во Делчево**
- **Советниците одлучија пешачкиот мост да го носи името на патронот на градот—Гоце Делчев**
- **Меѓународен тендер за изградба на пречистителна станица во Делчево**
- **Општина Делчево и волонтери заедно за разубавување на градот**

## Избрани најубавите дворови во Делчево



Дворот на Ивана Лефковска и дворното место на зграда бр.1 на „Кеј на Брегалница“ се добитници на наградите за најубаво уреден двор.



Советниците одлучија пешачкиот мост да го носи името на патронот на градот-Гоце Делчев

Меѓународен тендер за изградба на пречистителната станица во Делчево



Општина Делчево и волонтери заедно во разубавување на градот

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Совет на Општина Делчево

# Совет на Општина Делчево: деца Роми ослободени од партиципација за престој во детската градинка; Квартален извештај за 2 квартал на Буџетот

Советот на Општина Делчево на редовната 43. Седница донесе Одлука за ослободување од партципација за престој во учебната 2020/2021 во детската градинка „Весели Цветови“ во Делчево на деца Роми на возраст од три до шест години кои живеат во социјален ризик. Ослободувањето од партиципација се однесува на петнаесеет (15) деца Роми, а трошоците за престој на децата во градинката ќе бидат покриени од блок -дотацијата што ја добива Општината Делчево од Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија.
Пред советниците на Седница на Советот беше и Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година за втор квартал. Како што истакна Шабан Багашов, раководител на Сектор за финансии, извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за вториот квартал 2020 година изнесува 34%, односно од вкупно планираните 353.868.111 ден. приходи за вториот квартал се реализирани 121.922.858 денари.
Од нив, во Основниот буџет, од планирани 110.881.000 реализирани се 42.010.156 ден. или 38%. Во буџетот на дотации од планирани 173,319,111 приходи реализирани се 79,212,200 или 45,7%, во буџетот на донации од планирани 21,248,000 реализирани се 3,271,637 ден.или 15,4% и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани 16,367,000 реализирани се 3,256,938 денари, или 19,9%. Даночните приходи се наплатени во износ од 16.970.567 ден. од вкупно планирани 35.903.000 ден. или 47,27%, најголема наплата е наплатата од даноци на имот и тоа во износ од 4,837,963, од даноци од специфични услуги во износ од 9,875,826.
Вкупните расходи се планирани во износ од 231,348,361 ден. Од нив се реализирани 98,656,430 ден. или 42,64%. Од вкупно планираните 110,881,000 ден. реализирани се 30,922,901 ден. или 28%. Капиталните расходи кои се реализирани во износ од 10,528,014 ден. од планираните 60.737.000 и најголем дел од нив се исплатени за реконструкција на улици и патишта во износ од 4,465,923 ден. потоа за проекти на улици и патишта 571.045, надомест за одземен имот 1.204.552, изградба на капела во износ од 4,0858,487 и купување на опрема 102.899 ден. На група 46 планирани се 2,647,000 од кои се реализирани 516,967 ден. до здруженија на граѓани и до спортски клубови, трансфери здруженија на грагани, стипендии за ученици и студенти, додека за новороденчиња и еднократна помош од планирани 800.000 ден. се реализирани се 282,445 ден, истакна Багашов.
На Дневен ред на 43 Седница на Советот беше и Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2021; Годишните извештаи и плановите за работа на двете деветолетки; Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево; Шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2020 до 30.06.2020; Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2021 година.



Актуелности

# Пешачкиот мост го носи името на патронот на градот Гоце Делчев



На последната Седница на Советот на Општина Делчево, на предлог на градоначалникот Горан Трајковски, советниците одлучија новиот пешачки мост на река Брегалница во Делчево да го носи името на патронот на градот Гоце Делчев.

Согласно со Одлуката, именувањето на мостот „Гоце Делчев“ е определено врз основа на утврдената Листа на имиња од Владата на Република Северна Македонија усвоена од Советот на Општина Делчево. Името на мостот ќе биде напишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо. За името ќе бидат поставени табли согласно со начинот и со условите предвидени во Законот за определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

Одделението за урбанизам заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај ќе ја спроведе Одлуката во следниот период.

# Меѓународен тендер за изградба на пречистителната станица

Тендерската постапка за изградба на „Пречистителна станица за питка вода и придружните објекти во Делчево“ вклучувајќи набавка, монтажа и останати услуги е започната на 7 август 2020 година со објава на тендерската документација на “Système d’information sur les marchés publics en Suisse” (SIMAP). Изградбата на пречистителната станица и придружните објекти во Делчево кој е во рамките на проектот „Водоснабдување на Делчево“, вклучува изградба на пречистителна станица за вода, бунари на подземни води и пумпни станици, водоводи и резервоари за вода, како и фотоволтаична централа.

Тендерот завршува на 30 септември оваа година, кога и ќе се отвораат понудите. Презентацијата на понудите ќе се одржи од 14 до 16 октомври, а договорот со најдобриот понудувач ќе се потпише во текот на месецот ноември 2020.

Тендерот се спроведува според упатствата за набавка на СЕКО.

Имплементацијата на проектот започна на 29.11.2018, а треба да заврши на 31.3.2022. Проектот е вреден 7,3 милиони швајцарски франци од кои 6 милиони се донација од Швајцарска конфедерација преку Амбасадата на Швајцарија, а останатото е учество на РСМ преку Министерство за животна средина и Општина Делчево.

Проектот го спроведува EBP Schweiz AG, Zollikon Switzerland, а краен корисник е ЈКП Брегалница-Делчево.

ЧИСТА ВОДА ЗА ДЕЛЧЕВО

Актуелности

# Поставена агрометеоролошка станица во Делчево



На локација во близина на филтер-станицата во с. Trаботивиште е инсталирана агрометеоролошка станица која на земјоделците од општинава ќе им обезбедува податоци во реално време за актуелната временска состојба, појава на можни болести кај културите, но и за климатските промени.
Поставувањето на агрометеоролошката станица во Делчево е дел од проект на Центарот за развој на Источниот плански регион финансиски поддржан преку Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој, а финансиран од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа. Во рамките на проектот ќе бидат поставени агрометеоролошки станици во сите 11 општини од регионот, а вредноста на проектот е 2,16 милиони денари.
Со поставувањето на агрометеоролошките станици ќе им се обезбедат информации на земјоделците за навремена заштита на земјоделските култури од атмосферските влијанија, како и да ги планираат сите агротехнички мерки што треба да ги преземаат во одреден период од годината. Уредите што ги содржат станиците ќе ги мерат температурата и влажноста на воздухот, брзината и правецот на ветерот, количината на врнежи, соларната радијација, влажноста на листовите на растенијата, како и температурата и влажноста на почвата. Ќе се изработи и веб-платформа преку која земјоделците ќе добиваат информации за можната појава на болести кај растенијата под влијание на временските услови – истакна Александар Николов од Центарот за развој на Источниот плански регион.
Градоначалникот Горан Трајковски истакна дека агрометеоролошките станици ќе дадат свој придонес во осовременувањето на земјоделското произвдство, односно навремена и подобра информираност на земјоделците, а со тоа навремено преземање соодветни агротехнички мерки.
– Земјоделството претставува една од важните и доминантни сектори на локалната економија и игра важна улога во локалната економија во ИПР.  За тоа за нас, градоначалниците од ИПР овој проект е приоритет, бидејќи агрометеоролошката станица ќе помогне во заштита на земјоделските посеви од болести и непогоди, финансиска заштеда на земјоделците и во зачувување на животната средина . Од тие причини, овој проект цениме дека е иновативен и дава еден современ аспект во земјоделството, рече Трајковски.
По инсталирањето на агрометеоролошките станици во сите општини од Источниот регион, ќе се спроведе информативна кампања меѓу населението и ќе се изработи пропаганден материјал за начинот на користење на јавно достапните податоци од мерењата.

## Јавно осветлување во населби во Очипала и Драмче

Актуелности



За прв пат јавно улично осветлување добија населбите Студена Чешма во с. Очипала и населбата Димовско Маало во с. Драмче. Со поставувањето на комплетната инсталација во двете населби се реши долгогодишен проблем и се одговори на барањето на жителите од овие населби кои и во 21 век немаа улично осветлување. Инвестицијата за броила, канделабри, светилки и комплетната инсталација е на Општина Делчево.

Во делот на уличното осветлување претходниот период се инвестираше и во зголемување на бројот на улични светилки во селата Разловци, Вирче, Стамер, Ѕвегорска Река и градските населби Расадник и Милково Брдо, а улично осветлување за прв пат се постави и во с. Полето.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

## Општинската награда „7 Септември“ за д-р Гоце Стојменовски, а посебно општинсдко признание за Зенил Реџепов –Стручни




Комисијата за доделување награди и признанија на Општина Делчево одлучи годинава општинската награда „7 Септември“ да ја додели на здравствен работник, на д-р м-р Гоце Стојменовски, лекар со 14- годишно работно искуство од кои последните 10 години непрекината работа во Итната медицинска служба при Зравствениот дом „Гоце Делчев “ во Делчево.

Како што потецираат од Комисијата, актуелната пандемија го сврте вниманието кон здравството и здравствените работници, па оваа 2020 година е година на здравствените работници. Нивното значење во здравствената заштита посебно во малите места соочени со  долгогодишниот проблем со одлив на здравствени работници, е огромно, а со доделувањето на наградата на здравствен работник, Општина Делчево испраќа порака дека дава поддршка на здравствените работници, на сето тоа  што тие го работат за доброто на граѓаните  и уште еднаш го свртува вниманието на јавноста кон значењето на здравството и здравствениот систем.

Д-р м-р Гоце Стојменовски е добитник на повеќе награди и признанија меѓу кои и наградата за „Најдоброто од Истокот“ во областа на здравството за 2017 г. која традиционално ја доделува Регионалниот актив на ЗНМ.

По повод 7 Септември, градоначалникот на Општина Делчево ќе додели посебно општинско признание-плакета за посебен придонес во афирмација на фолкорното наследство од Пијанец на Зенил Реџепов-Стручни за неговата 45-годишна дејност во областа на фолклорот, како и раководител и кореограф на КУД „Гоце Делчев“. Како вистински амбасадор на македонскиот и делчевскиот фолклор, Реџепов е добитник и на многу меѓународни награди и признанија. Реџепов и КУД „Гоце Делчев“ се организатори на традиционалната „Пијанечко-малешевска свадба“и традиционалниот „Делчево-фест“.

Доделувањето на наградите е на Свечената седница на Советот по повод Денот на ослободувањето на Делчево, 7 Септември.

# Избрани најубаво уредените двор

Актуелности




Дворот на Ивана Лефковска и дворното место на зграда бр.1 на „Кеј на Брегалница“ се добитници на наградите за најубаво уреден двор.
Во рамките на кампањата „За поубаво Делчево“ и согласно со Програмата за промоција и комуникација со јавноста, а водејќи се од мотото дека секој индивидуалец или институција и фирма кои со својот труд и креација за уредување на дворните површини придонесуваат за поубаво Делчево, Општина Делчево по трет пат годинава организира избор на најубав двор во општината. Пријавувањето на конкурсот траеше од 18 мај до 30 јуни и на истиот беа пријавени 10 апликанти во две категории: избор на најубав двор на физички лица и избор на најубав двор на правни лица и објекти за колективно домување. Тања Стојковска од Комисија која ги оценуваше дворовите, истакна дека се изненадени од креативноста и идеите кои ги имаат нашите сограѓани.
-Избраните дворови импресионираа со свежина и креативност со застапена тревна површина, зимзелени дрвја и цветни содржини. Се гледа дека уредувањето на дворот е правено со многу љубов, рече Стојковска.
Наградата за најубаво уреден двор се состои од парична награда во висина од 10.000 денари за двете категории и благодарница за учество на конкурсот за сите учесници. Доделувањето на наградите ќе биде на Свечената седница на Советот.




Актуелности

## Општинско-корисна работа преку два проекти во Делчево




Програмата Општинско – корисна работа во Општина Делчево оваа година ќе се спроведува преку два проекти: Социјални услуги за сите и Грижа за стари лица и лица со попреченост.

Во проектот Социјални услуги за сите ќе бидат ангажирани вкупно 11 невработени лица за период од 7 и 9 месеци. Нивниот ангажман е планирано да започне од 01.09.2020 год., а невработените лица ќе бидат ангажирани на скратено работно време од 20 часа неделно, за што ќе добиваат паричен надоместок во износ од 9.000 денари месечно со платен персонален данок и осугурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Бројот на крајни корисници кои ќе бидат опслужени од 11-те ангажирани лица оваа година ќе биде 36.

Вкупниот буџет на овој проект изнесува 918, 000 ден. и тоа 597,600ден. средства обезбедени од УНДП за плати за ангажираните лица и 149,400 ден средства од буџетот на Општина Делчево за персонален данок и осигурувањеод случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Во проектот Грижа за стари лица и лица со попреченост ќе бидат ангажирани вкупно 7 лица и тоа 6 лица како негователи за грижа за стари лица и 1 едукатор-мотиватор во Дневниот центар за лица со попреченост.

Ангажманот ќе биде со скратено работно време од 20 часа неделно за период од 7 месеци почнувајќи од 01.09.2020 год. Ангажираните лица ќе добиваат паричен надоместок во износ од 9000 денари месечно со платен персонален данок и осугурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Бројот на крајни корисници кај овој проект ќе биде 37 лица.

Буџетот на овој проект изнесува 441, 000 ден. средства обезбедени од Швајцарската агенција за развој за плати и за персонален данок и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

# Општинскиот кризен штаб во Делчево со нови заклучоци и препораки

Актуелности



Поради зголемениот број случаи позитивни на ковид-19, Општинскиот кризен штаб во Делчево одржа состанок на кој дефинираше неколку заклучоци и препораки кои се во насока на сузбивање на појавата на епидемија од ковид-19 на ниво на Општина Делчево.

1. Соочени и со проблемот со отсуството на епидемиологот од Делчево и проблемот што за целиот краен исток и за општините Берово, Пехчево, Виница и Делчево е одговорен еден епидемиолог, а во сите овие општини има зголемен број случаи со коронавирус, како ОКШ бараме помош од епидемиолог или друго стручно лице од Центарот за јавно здравје Кочани за да може да се интервенира навремено во изработката на епидемиолошките анкети, побрзо доставување на решенијата за изолација и сл.
2. Здравствениот дом „Гоце Делчев“ да формира координативно тело составено од здравствени работници од приватното и јавното здравство со цел навремено собирање на податоците за пациентите и дистрибуција на информациите до МВР и епидемиологот;
3. Да се засилат контролите на угостителските објекти, со посебен акцент на придржување до изречените мерки и протоколи и правилното користењето на доделената јавна површина;
4. Општина Делчево, како и до сега, да врши редовна дезинфекција на јавните површини и реквизити, како и на влезовите на институциите;
5. Во сите фирми и институции строго да се почитуваат протоколите за заштита од ковид-19 на работните места;
6. Да се засилат контролите на градскиот пазар и строго почитување на протоколите за заштита од Ковид-19;
7. Инспекциските служби (пазарната), комуналните редари, инспекторот за заштита на животната средина да се поажурни и да доставуваат неделни извештаи за преземените мерки за спречување од КОВИД 19;
8. Доколку некој има симптоми на болеста или е без симптоми, но имал контакти со заболени лица, задолжително веднаш да се самоизолира. Со тоа ги штитите своите најблиски, пријателите, соседите, целиот град.

Актуелности

## Апел од градоначалникот Трајковски: бидете одговорни-почитувајте ги мерките за заштита од ковид 19



Поради зголемениот број позитивни случаи на коронавирус во Делчево и на лицата кои се во самоизолација, градоначалникот Трајковски апелираше до граѓаните да ги почитуваат мерките за заштита од коронавирусот и со свој личен пример да придонесат во зачувување на колективното здравје.

–Јас уште еднаш апелирам до сите граѓани, да се почитуваат мерките за заштита, да се носат заштитни маски за лице, да се одржува дистанца и редовна дезинфекција на рацете, но пред сè, да нема групирања. Ова што се случува по ресторантите и кафулињата во Делчево, само уште еднаш ја покажува неодговорноста на поединци која може да доведе до ситуација, кога во државава се смирува епидемијата, тука да почне да се разгорува. Делчево беше град, каде со месеци немаше ниту еден случај со коронавирусот. Затоа, апелирам на лична одговорност до секој еден жител на општината, не го загрозувајте здравјето на вашите родители и пријатели, бидејќи никој не може да ве заштити, ниту локалната, ниту државата, ниту СЗО, ако самите не го направите тоа.

Од оваа болест никој **не е имун;** Почитувајте ги мерките; Носете заштитни маски; Држете социјална дистанца; Не се групирајте; Но**,** посебно, доколку некој има симптоми на болеста или е без симптоми, но имал контакти со заболени лица, веднаш да се самоизолира. Со тоа ги штитите своите најблиски, пријателите, соседите, целиот град, рече Трајковски.

Тој додаде дека Општина Делчево, покрај редовните дезинфекции на улиците и јавните објекти и површини, ќе направи и вонредна дезинфекција.

# Општина Делчево и волонтери заедно во разубавување на градот

Актуелности

По повод Денот на ослободувањето на Делчево, 7 Септември, Општина Делчево организира акција за разубавување на градот. Во акцијата масовно се вклучија волонтери од невладиниот сектор од Делчево, а помош добиваат и од екипи на ЈКП „Брегалница“ Делчево. Акцијата опфаќа санација и бојадисување на урбаната опрема, канделабри, огради на мостовите, како и обновување на спортските и детските игралишта и реквизитите, но и заштитните огради. Потребните материјали и средства ги обезбеди Општина Делчево.

Градоначалникот Горан Трајковски изрази задоволство од интересот на младите, но и на повозрасни членови од НВО-секторот во градот за вклученоста во акцијата.

-Оваа акција претставува поттикнување на волонтеризмот во Општината, грижа за општинските добра. Горд сум на младите и нивниот интерес за вклучување во акцијата. Заедно испраќаме порака дека секој поединец носи одговорност за тоа како ни изгледа градот. Општината е отворена за соработка и за идеи кои ќе придонесат градот да ни е поубав и почист, рече Трајковски.

Трајковски најави дека вакви и слични акции ќе се организираат и наредниот период.

Инаку, Општина Делчево досега има организирано неколку акции кои водат до истата цел- почист и поубав град ,како акции за расчистување на дивите депонии и акција за пошумување на централното градско подрачје со масовна вклученост на волонтери од градот.



# Нова опрема за пожарникарите




Пожарникарите од ТППЕ Делчево добија нова опрема која ќе придонесе за поголема лична заштита на пожарникарите при нивните интервенции. Со средства од општинскиот буџет се набавени професионални интервенциски ракавици и ХТЗ-чевли за секој вработен. Опремата е предадена на пожарникарите и таа претставува дополнување на опремата за лична заштита која минатата година им беше дистрибуирана на пожарникарите.

# Гасење пожар во услови на ковид 19





ТППЕ Делчево реализираше симулациска вежба за гаснење пожар во услови на ковид -19 во ООУ „Св.Климент Охридски“.

Во акцијата учествуваа три противпожарни единици со три противпожарни возила и 14 пожарникари.  Интервенцијата беше изведена во стариот дел од училиштето при што беа евакуаирани и спасени двајца повредени.

Овие вежби се редовна практика на ТППЕ Делчево и се изведуваат со цел да се види подготвеноста и физичка и психичка на пожарникарите во услови на вистинска појава на пожар во објектите на институциите во градот, но и да се провери исправноста на опремата.

Грдоначалникот Горан Трајковски присуствуваше на оваа симулациска вежба и изрази задоволство од подготвеноста на пожарникарите за справување со пожарите и на објекти, но и на отворен простор. Трајковски најави и дополнителна заштитна опрема за делчевските пожарникари, а Општина Делчево е во фаза на набавка на ново противпожарно возило.

## Авионско прскање против комарци




Во раните утрински часови се спроведе авионското третирање против возрасни комарци на територијата на Општина Делчево. Прскањето се вршеше со еколошкиот препарат CICERON 2.ULV кој е широкопојасен инсектицид одобрен од Бирото за лекови. Прскањето го вршеше лиценцирана фирма за авиоуслуги БОНИЕР ДООЕЛ Куманово, избрана по претходно спроведена тендерска постапка.

Во Делчево се третираше површина од 300 ha, односно 200 ha  (лево и десно по 100 метри од речното корито на Брегалница, централно градско подрачје до езеро „Сандански" и 2x50 ha Старо Делчево, Таушанско Маало, Стрелиште и Ново Делчево, Милково Брдо, Басарица и нас. Пролет.

Општина Делчево секоја година врши соодветно третитрање на вектор-преносителите на заразни болести, а активноста е предвидена во Годишната програма за заштита на населението од заразни и други болести. За оваа сезона се предвидува уште едно авионско третирање (прскање) за заштита од комарци.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Делчево ги одбележа двата Илиндена

Актуелности




Со пригодна свеченост, Општина Делчево ги одбележа двата Илиндена, 117 години од Илинденското востание и 76 години од Првото заседание на АСНОМ.
Одбележувањето се одвиваше пред спомен- обележјата во градот кои го чуваат споменот на револуционерната борба од Илинденскиот период, како и од НОВ. Пред споменикот на великанот Гоце Делчев, преку рефератот подготвен од играорците од КУД„Гоце Делчев“ од Делчево беше потенцирано значењето и улогата на Илинденското востание во 1903 година во развојот на револуционерната мисла и борбата и аманетот на храбрите илинденци.
Пред споменикот на великанот Делчев, свежо цвеќе положија делегација на Општина Делчево, претставници на Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, јавни институции, здруженија на граѓани. Чествувањето продолжи пред споменикот на паднатите борци, каде за значењето и улогата на Првото заседание на АСНОМ, пригоден реферат прочитаа членови на КУД „Гоце Делчев“, по што делегациите се поклонија и положија свежо цвеќе.

# Актуелности

## Таблети за средношколци Роми во Делчево



Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ додели 16 таблети на средношколци Роми од Делчево. Доделувањето на таблетите во Делчево е дел од проектот „Ромаверзитас во ургентни ситуации, се грижиме за вашето образование“ финансиски поддржан од Ургентниот фонд на Ромскиот образовен фонд во рамките на кој е предвидено да се доделат 210 таблети на ромски ученици од земјава во средното образование и 10 ГБ интернет.
Таблетите се наменети за средношколци претежно од втора и трета година и лица кои ќе се запишуваат на факултет и доаѓаат од семејства кои живеат во социјален ризик или семејства кои користат гарантирана минимална помош, семејства со ниски приходи или домаќинства кои немаат соодветни услови и други смарт– уреди.
Доделувањето таблети во Делчево е во соработка со Општина Делчево, СОУ „М.М.Брицо“ и локалните соработници и на овој начин, преку низа активности, се поттикнува запишувањето во средното и високото образование, почитување на квотите за упис во рамки на уписните рокови, намалување на осипот во образованието предизвикани од неповолните услови со кои се соочува ромското население и коишто дополнително се отежнати од кризата предизвикана од КОВИД 19 и се охрабрува учеството на средношколците во програмата за градење вештини во рамки на неформалниот колеџ спроведуван од Ромаверзитас.

## Матурантката Верица Ѓеоргиевска на олимпијада по биологија

Првенецот на генерацијата од СОУ „М.М. Брицо“ од Делчево, матурантката Верица Ѓеоргиева, ќе биде македонски и делчевски претставник на 31 Меѓународната олимпијада по биологија.
Меѓународната олимпијада по биологија (IBO) е престижен натпревар на учениците од средните училишта во знаење и решавање сложени проблеми во биологијата, а целта на IBO е да ги идентификува, инспирира, зајакне и да ја поддржува следната генерација лидери во природните науки и да ја развива нивната меѓународна мрежа.
Директорот на училиштето, Љупчо Прачковски, истакна дека за квалификација и учество во македонскиот олимписки тим, мора да си еден од најдобрите.
– Ова е уште една потврда за заедничките успеси на нашата ученичка Верица и нејзиниот ментор, професорката по биологија Марина Конева. И ова е уште еден доказ за квалитетот на образованиот процес во нашето училиште, истакна Прачковски.
Меѓународната олимпијада по биологија, оваа година требаше да се одржи во Нагасаки, Јапонија, но поради новонастанатата ситуација се одржа онлајн, на 11 и 12 август 2020 година.

# До крајот на годината сите читатели во делчевската библиотека на електроинска евиденција

Актуелности



До 1 јануари 2021 година, сите членови на Јавната библиотека „Илинден“ од Делчево ќе бидат во електронската евиденција на библиотеката. Од воведувањето на електронското издавање книги, пред 9 месеци, електронски се зачленети 313 членови, а останатите 200 членови ќе поминат во системот за електронска евиденција до крајот на оваа година. Ова го истакна директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, која истакна дека електронското издавање книги на читатели е многу полесно и попрактично, а библиотеката има увид во издадената литература и лесно се утврдуваат и лицата кои од какви било причини не ги вратиле позајмените наслови.

Петровска истакна дека во ЈЛБ „Илинден“ изминатиот период се инвестира во осовременување и подобрување на условите за работа, но и збогатување на книжниот фонд со нови наслови.

- Сакам да истакнам дека делчевската библиотека ги има сите нови наслови од скоро сите издавачки куќи, набавени се нови лектирни изданија и сликовници за најмладите. Но, посебно сакам да истакнам дека за прв пат е набавена црковна литература, а уште еднаш потенцирам дека библиотеката изобилува со многу наслови од стручната литература за студентите, истакна Петровска.

Инаку, последниве две години во библиотеката функционира новата читална, создадена од напуштена и неискористена просторија, каде сега доминираат рафтови полни со стручна литература.

-Редовно изнаоѓаме начини богатиот книжевен фонд да го чуваме во соодветни услови за што постојано изработуваме нови полици. Исто така, воведовме и софтверско сметководство, мрежно поврзување на сите вработени, а опремена е и канцеларија за административната служба, саниравме дел од кровот над библиотеката. Штедиме средства за потоа да ги реинвестираме во работи кои ни се потребни, рече Петровска.

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Снежана Трајкова и Даниела Такева**

**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**